BRITISH COUNCIL

# Учење на англискиот јазик во семејството







*Заедничкото учење е забавно!*

## Учете англиски преку песнички

# Предговор

Вашето вклучување во процесот на учење на вашето дете може позитивно да делува не само на неговиот став, туку и на брзината со која тоа учи. Помошта што децата ја добиваат од родителите во домот позитивно влијае на нивните достигнувања во училишните клупи.

Jim Knight, министер за образование во Обединетото Кралство, вели: „Родителите имаат за шест пати поголемо влијание врз процесот на учење кај децата отколку наставниците“. Постојат едноставни начини на кои можете да го охрабрите своето дете и да му помогнете да стекне самодоверба да го користи англискиот јазик.

За да им помогнат на родителите, експерти за образование од Британскиот совет направија нови производи и услуги наречени „Learn English Family (Учење на англиски јазик во семејството)“. Се надеваме дека ќе уживате во нивното користење со вашите деца. Впрочем, заедничкото учење е забавно!




Искуството што Британскиот совет го стекна ширум светот ни говори дека децата имаат поголеми изгледи за успех во учењето кога наставниците и родителите меѓусебно соработуваат.



# Користење на песнички

Денес се смета дека едноставните детски песнички се присутни во повеќето култури. Од моментот кога децата почнуваат да зборуваат, многу од нив сакаат да играат и да експериментираат со звуците, што е показател дека детето подоцна ќе ужива во читање и рецитирање на песнички. Повеќето деца поседуваат вештини и вроден нагон кој им овозможува да ги имитираат звуците и да ги запаметат јазичната содржина и посебниот ритам кој е карактеристичен за детските песнички.

Паметењето и повторувањето на песничките е само еден од многуте видови игри за малите деца. Песничките ги учат несвесно и без некаков посебен напор; за нив тоа не претставува тешка задача, како што може да е случај со возрасните.

Децата го истражуваат англискиот јазик преку игра со краткиот текст од песничките. Тие откриваат како јазикот функционира и се запознаваат со меѓусебниот однос на 44 гласови и 26 букви од абецедата – сите тие се информации кои, кога ќе почнат да читаат, ќе им помогнат во декодирање на гласовите кои ги сочинуваат зборовите. Вредноста и важноста од јазичните игри, кои ги вклучуваат и песничките во раното учење, често се потценуваат.



Песничките се разликуваат од едноставната поезија за деца. Тие во суштина се кратки и зависат од мелодичната употреба на гласот при рецитирање на текстот којшто содржи зборови кои се римуваат така што повторувањето на гласовите во привлечен ритам е лесен да се имитира. Традиционалните добро познати детски песнички понекогаш на англиски јазик се нарекуваат *Mother Goose rhymes* или *nursery rhymes*. Многу од нив, како на пример, *Twinkle, Twinkle,* Little Star и *Humpty Dumpty* се сметаат за дел од британската култура.

Од друга страна, поезијата за деца помалку се потпира на јазичната игра, а повеќе на значењето кое поттикнува чувства, имагинација и откривање на идеи кои ја надминуваат непосредната околина на детето. Таквата поезија може да биде традиционална или модерна и претставува природна фаза кон која детето преминува од детските песнички кои ги познава од најраното доба. Тие обично се помалку познати и помалку е веројатно дека ќе се пренесуваат од колено на колено, како што е случај со детските песнички.



## Зошто песнички?

Песничките се преносливи играчки. Децата и родителите можат да ги рецитираат во секое време и на секое место за да го променат своето расположение или периодот на досада да го пополнат со забава. За песничките не е потребна никаква играчка, опрема или книга; гласот кој рецитира е доволен да ја поттикне играта. Некои песнички се пропратени со физички движења кои помагаат при утврдувањето на разбирањето и памтењето.

За малите деца, песничката претставува кратко, но комплетно искуство, кое одлично одговара на нивното ограничено внимание. Песничката е како компактна приказна: има почеток и крај и своја содржина. Штом децата ги сфатат овие делови, тие стануваат посигурни во себе, бидејќи знаат дека јазичната содржина е постојана, дури и кога брзината на рецитирање се менува со цел да биде во склад со расположението. Како резултат на привлечниот и разигран јазик, кој е сличен на оној што се користи во телевизиските реклами, и кратката содржина, децата лесно и брзо ги паметат песничките.



Малите деца сакаат веднаш да комуницираат на англиски јазик и ги фрустрира фактот што не можат да го кажат она што го сакаат. Песничките им овозможуваат од самиот почеток да почувствуваат дека можат на англиски „да кажат многу и да зборуваат со еднаква брзина како возрасните“. Чувството на задоволство кое го мотивира понатамошното учење не произлегува од забавата која ја чувствуваат додека играат на англиски јазик, туку од упорноста да ја завршат зацртаната задача, т.е. да ја научат песничката.

Учењето на англискиот јазик кај некои деца може да делува застрашувачки; знаењето песнички може да ги мотивира и да ги охрабри, особено во почетната фаза на учење, кога чувствуваат дека не напредуваат доволно брзо.

Малите деца, кои понекогаш се срамат да зборуваат на англиски јазик, често почнуваат да зборуваат токму кажувајќи им песнички на возрасните кои ги охрабруваат. Иако споделуваат непроменлив, забавен текст, нивната самодоверба расте сé додека не сфатат дека самите можат да ја изрецитираат скоро целата кратка песничка.



## Одбирање песнички

Многу е важно да составите база на песнички. За да се успее во тоа, родителите треба да бидат подготвени секоја седмица да воведуваат една до две нови песнички, земајќи ги предвид должината на песничката, заинтересираноста на детето и подготвеноста тоа да учи. Во одредени денови на детето ќе му биде полесно да ги усвои новите материјали и затоа се препорачува да се прилагодите кон неговото расположение.

Песнички може да најдете:

- **во сликовници со песнички** – во кои една песничка се проткајува низ целата сликовница, како на пример *In the Dark, Dark Wood* од Jessica Souhami, издадена од Frances Lincoln;
- **во антологии на детски песнички** – книги кои содржат одбрани песнички кои може да содржат малку илустрации кои го дополнуваат текстот, како на пример *Number Rhymes to Say and Play!* од Opal Dunn и Adriano Gon, издадена од Frances Lincoln/Mother Goose Sterling Publishers;
- **традиционални песнички** – *The Ladybird Book of Nursery Rhymes – Humpty Dumpty*



• **од членовите од семејството** – добра е идејата да се научат песнички кои веќе им се познати на членовите од семејството бидејќи на тој начин се развива чувството на заедништво и децата ги поттикнува на учество.

При избор на песнички, родителите треба да имаат на ум да изберат песнички кои првично ним им се допаѓаат, заради:

• подигање на нивото на познавање на англискиот јазик кај децата;

• постојано развивање на интересот кај децата, како и потребите кои произлегуваат од полот на децата – момчињата особено уживаат во движењата кои ги следат песничките, како на пример:



*Jeremiah, blow the fire,*
*Puff, puff, puff.*
*First you blow it gently . . .*
*Then you blow it rough.*

• потребата корисните јазични елементи да се пренесат во секојдневниот разговор;

• потребата, ако е можно, да внесат песнички кои веќе им се познати на членовите на поширокото семејство;

• потребата да се внесат песнички кои содржат имиња, со цел тие да се заменат со имињата на членовите на семејството:

*Diddle, diddle dumpling.*
*My son John,*
*Went to bed*
*With his trousers on.*

• потребата да се внесат песнички коишто можат да се вклучат во семејните активности или рутини:

*I scream,*
*You scream*
*We all scream for ice-cream*

*What would you like?*
*Chocolate, lemon, vanilla or . . .*
*One is for you/And one's for me.*



Изборот на песничките е голем и секој може да најде нешто за да го задоволи својот вкус.

**Песнички за поздравување**

Hi Mary!
How are you?
Fine, thanks.
What about you?



**Песнички со кои се изведуваат разни движења или се користат прстите**

10 fingers,
10 toes,
2 eyes
And a round nose.

**Игри и песнички со рима**

Acker Backer, Soda Cracker, Acker Backer Boo!
Acker Backer, Soda Cracker
Out goes YOU!

One potato, two potatoes, three potatoes, four,
Five potatoes, six potatoes, seven potatoes, more?

One banana, two bananas, three bananas, four . . .









## Песнички на одредена тема

Two big apples
Under a tree.
One is for you
And one's for me.

Rain, rain, go away!
All the children want to play.
Rain, rain, go away!
Come again another day

## Традиционални песнички

Twinkle, twinkle, little star
How I wonder what you are
Up above the world so high
Like a diamond in the sky
Twinkle, twinkle, little star
How I wonder what you are.




# Како да рецитирате песнички

Начинот на кој детската песничка „оживува“ во фантазијата на детето зависи од начинот на кој родителите го користат својот глас, очите, изразот на лицето и говорот на телото (видете ја книгата на Британскиот совет под наслов *Зборувајте англиски со вашето дете*).



'Two big apples' е од книгата *Number rhymes to say and play*, автор Opal Dunn, илустрации Adriano Gon, издадена од Frances Lincoln Ltd, copyright ©2003.

За да го привлечете вниманието на детето, воведувањето на новата песничка за него треба да претставува доживување во кое вашиот глас ќе го води низ песничката. Со оглед дека децата имаат способност слуховно повеќе да забележуваат од родителите, со време тие се запознаваат со песничките и учат како да ги толкуваат емоциите на возрасните од нивниот глас, така што веќе не им е потребна помош во облик на движења кои ги следат песничките. Кога ова ќе се случи, детето често го презема изведувањето на движењата, така што родителите веќе не мора да ги прават.

Прилично голем број традиционални песни може и да се рецитираат и да се пеат. На почетокот подобро е да ги рецитирате песничките со што на детето му задавате само една задача – да ги запамети зборовите. Ако детето истовремено треба да ги научи и мелодијата и зборовите, тогаш задавате две задачи, што за некои деца може да е посложено.

Некои деца, кои првично научиле да ја пеат песничката, понекогаш имаат потешкотии при пренесување на испеаниот текст во говор; како резултат, понекогаш може да ги слушнете како пеат кога сакаат одредени фрази да пренесат во дијалог.

## Разбирање на новата песничка

Песничките се состојат од непроменливи фрази или јазични елементи кои се составени за да се римуваат. Децата често ги запаметуваат тие фрази без да ги забележат помалите зборови, како на пр. '*the*' или '*for*', бидејќи ги слушаат како дел од една поголема целина, а не како посебни зборови (на пр. '*one's for you*').





Во многу книги со деснички нема слики кои на децата ќе им помогнат во разбирањето. Доколку нема слики во книгата со која се работи, родителот може сам нешто да нацрта, или на детето да му покаже играчки или предмети со кои ќе го потпомогне разбирањето. Доколку решите да преведете неколку зборови, направете го тоа со шепот, и тоа само еднаш, притоа повторувајќи го истиот збор на англиски јазик.



## Воведување нова песничка

При воведување нова песничка, родителите треба да користат говор прилагоден на детето (видете ја книгата на Британскиот совет под наслов *Зборувајте англиски со вашето дете*). Јазикот на кратките песнички лесно се имитира и памети, така што користењето на таквиот говор ќе биде сé поретко, бидејќи детето сé повеќе и повеќе ќе ја совладува песничката.

За да го утврдат тоа што го научиле, оставете ги децата со сопствена брзина и во време кое ним им одговара да ги разберат и сфатат зборовите, гласовите и значењето. Не брзајте ги и не присилувајте ги да работат со брзина соодветна за возрасните, особено во почетната фаза на учење на новата песничка. Повторувањето може да биде досадно за возрасните, но тоа е од особена важност за децата, бидејќи им овозможува несвесно да го утврдат она што веќе го научиле и да го извежбаат изговорот. Истовремено, со утврдување на наученото кај нив се влева поголема самодоверба.

Изрецитирајте ја песничката, полека „одглумете" ја, надополнувајќи го значењето со движења, слики или предмети. Ако песничката не е проследена со движења, измислете ги - физичката активност помага при меморирањето, а движењето секако го подобрува расположението. Нагласете ги важните

зборови и зборовите што се римуваат, и кога ќе почувствувате дека е потребно, преведете ги со шепот.

Штом децата добро ќе се запознаат со песничката, може да ги поделите улогите така што детето ќе каже еден стих, а вие друг. Поделбата на улогите е важна вештина која детето треба да ја научи, бидејќи вклучува внимателно слушање и преземање одреден ризик, поистоветување со другиот соговорник и проценување на моментот кога е негов ред да зборува.

Дури и кога детето ја знае скоро цела песничка наизуст, можеби не се чувствува подготвено да го иницира самостојното рецитирање.



## Рецитирање песнички во слободното време

Колку повеќе рецитирате песнички во кругот на семејството, толку побрзо нивниот едноставен, секојдневен јазик ќе стане дел од животот и говорот на детето. Многу е важно да составите сопствена збирка на песнички, бидејќи за децата важи изреката: „Колку повеќе песнички знаеш, толку повеќе сакаш да научиш“. Рецитирањето песнички е забавно!

Родителите и децата може да рецитираат една или две песнички во нивното слободно време, на пр. додека чекаат ред во супермаркетите или кога подолго време патуваат. Родителите се тие кои треба да ја започнат ваквата активност, но децата често сакаат да придонесат со сопствени идеи. Децата имаат потреба да ги повторуваат песничките; повторното рецитирање им овозможува да размислат и да го подобрат начинот на рецитирање. Тие постојано работат на подобрување на изговорот, но тоа нема да можат да го направат, ако ги брзате и ако не им дозволите да вежбаат. За да воведете нови песнички, подобро е да почекате до планираното време за изучување на песнички.

## Време за песнички

Планираното време кое ќе е посветено на рецитирање би требало да вклучи:

- стари омилени песнички
- понови научени песнички
- најнови песнички



Добро е да почнете со една или две стари омилени песнички, бидејќи тоа ќе им помогне на децата од мајчиниот „да се префрлат“ да размислуваат, да се привикнат да го слушаат и да го користат англискиот јазик. Колку пати ќе ги рецитирате омилените песнички ќе зависи од расположението на детето. При второто повторување детето би требало повеќе да учествува, а при третото, доколку постои добро расположение, може да му дозволите и да го поттикнете самостојно да ја изрецитира песничката, или само дел од неа.

Времетраењето на планираното време за песнички ќе зависи од тоа дали станува збор за кратка сесија посветена на англискиот јазик или пак за вовед во подолг час (видете ја книгата на Британскиот совет под наслов *Зборувајте англиски со вашето дете*). Би било добро однапред да подготвите програма во која ќе ги напишете првите стихови од песничките. Децата кои умеат да читаат на мајчиниот јазик сами ќе можат да го одгатнат редоследот. Подоцна, кога веќе ќе знаат повеќе песнички, може од нив да побарате самите да ја состават сопствената програма.



## Приредби

При посебни прилики, како на пр. роденден на некој од возрасните, може да организирате приредби во кои децата ќе рецитираат по две или три песнички. Децата сакаат да им дадете можност да покажат што знаат и умеат, а пофалбите што ќе ги добијат, ќе послужат да ја поттикнат нивната мотивација. Подготовките за една ваква приредба е од особена важност за децата бидејќи така имаат добра причина да продолжат и понатаму да вежбаат и да ги подобрат својот изговор и изведба.

„Хорското“ рецитирање може исто така да биде многу забавно, кога родителот и детето рецитираат наизменично или заедно. Децата што се срамат може да бидат дел од „хорот“ сé дотогаш додека не соберат доволно храброст самостојно да настапуваат.




## Снимање

MP3 плеерите на кои може да се снима ви овозможуваат:

- да слушате снимен материјал;
- да направите сопствена снимка;
- да ја преслушате снимката и да обратите внимание на она што може да се подобри;
- да направите друга, подобра снимка

Децата се најдобри „критичари“ на сопствените грешки. Повеќето од нив ќе сакаат да се преснимуваат сé до оној момент додека не почувствуваат дека се задоволни од сопствениот изговор.

## Изработка на книги со песнички

Децата коишто ја знаат абецедата и гласовите од 26-те букви, често со нетрпение сакаат да почнат да читаат и самите да ги запишуваат песничките. Ископирајте една добро позната, едноставна песничка, прочитајте ја заедно, а потоа оставете ги децата самостојно да ја „прочитаат“ на глас, покажувајќи ги со прстот зборовите кои ги „читаат“ (самодиктат). Набргу децата ќе откријат дека можат да прочитаат едноставен текст на англиски јазик. Допуштете им да го украсат листот на кој е ископирана песничката. Вака им оставате простор самите да се фокусираат и да го разгледаат текстот. Кога ќе направат неколку вакви изработки, поврзете ги во книга. Во зависност од тоа колку го совладале пишувањето на англиски јазик, дозволете му на детето само да ја изработи содржината и насловната страна.





Следниот пат кога ќе правите книга, некои деца може ќе сакаат сами да ги напишат песничките. Можеби ќе сакаат да изработат и роденденски картички или покани.

Збирките кои самите ги изработиле може да бидат понатамошен поттик за децата да напишат сопствени песнички. Некои деца своите песнички почнуваат да ги пишуваат така што ги персонализираат оние песнички кои веќе ги научиле или составуваат комбинации од делови од повеќе познати и научени песнички. Поттикнете ги во тоа, бидејќи станува збор за креативно пишување.

Книгите со песнички се одлична можност да ги прелистате и прегледате дадените текстови. Почнете со книги со песнички кои содржат приказна - децата ќе сфатат дека можат да ја „прочитаат“ приказната бидејќи текстот е пропратен со многу илустрации кои ќе им помогнат во разбирањето. Антологиите може да делуваат демотивирачки, особено кај почетниците, бидејќи тие содржат песнички кои децата сé уште не знаат усно да ги рецитираат.

## Читање песнички

Истражувањата покажуваат дека „читањето“ едноставни песнички кои децата веќе ги знаат наизуст е важен чекор во процесот на учење на течното читање. Читањето позната песничка притоа покажувајќи ги пишаните зборови од текстот е возбудливо за децата, бидејќи тие откриваат дека можат нешто да прочитаат на англиски.



Go to bed late,
Stay very small.
Go to bed early,
Grow very tall.

Во оваа фаза, децата можат да го прочитаат само она што веќе усно го знаат од песничките. Ваквото „читање“ ги поттикнува да го распознаваат обликот на зборовите што се повторуваат и подоцна да креираат сопствена база на зборови кои веќе ги препознаваат и знаат да ги „читаат“. Скоро истовремено децата почнуваат да го анализираат изговорот на зборовите кои ги препознаваат (видете ја книгата на Британскиот совет под наслов *Учете англиски преку читање сликовници*). Омилена игра која треба да се поттикне е собирање на римувани зборови, како на пр. ‘four’, ‘door’, ‘more’, ‘floor’, ‘saw’.

Родителите и наставниците не се секогаш свесни за овој важен чекор при учење на читањето, кој кај децата кои знаат песнички и уживаат во рецитирањето на многу од нив се јавува природно.

Децата кои знаат да читаат детски песнички природно напредуваат кон читање на едноставна поезија. Детската способност за учење песнички и поеми наизуст, ако се поттикнува и по осмата година, станува, како и учењето на јазикот, доживотна вештина.









**www.britishcouncil.org/parents**

Една од серијата книги подготвени за Британскиот совет како поддршка на родителите:

- *Како малите деца го учат англискиот јазик како втор јазик*
- *Зборувајте англиски со вашето дете*
- *Учете англиски преку читање сликовници*
- *Учете англиски преку песнички*

Авторката е Opal Dunn, образовен консултант од Обединетото Кралство и основач на RealBook News.

**© British Council 2008**

**Меѓународна организација за културни врски и образовни можности од Обединетото Кралство.**
Регистрирана добротворна организација: 209131 (Англија и Велс) SC03733 (Шкотска)